**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

**Бр.02-782/4**
**24.09. 2020 год., Скопје**

# З А П И С Н И К

**од осмата седница на Собранието на СКМ одржана на ден 03.09.2020 година преку платформата Zoom**

На **осмата седница** на Собранието на СКМ, **присуствуваа 41 членови.**

На седницата присуствуваше претседателот на **Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими и** претседателот на **Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.**

**На седницата оправдано не присуствуваа д-р Горан Мишевски, д-р Фисник Касапи, д-р Снежана Стојмановска, д-р Хајредин Сулејмани, д-р Ана Сотировска, д-р Андреја Рендевски, Д-р Милан Ламевски и д-р Маја Недева Шикова.**

**На седницата не присуствуваа: д-р Грација Бакраческа и д-р Џељаљ Ибраими.**

**На седницата како поканет гостин присуствуваше и д-р Тереза Болис-Ѓуриќ.**

На почетокот од седницата д-р Петреска со забелешка дека на состанокот е присутен некој што не е член на Собранието, на што д-р Манасиев одговори дека на состанокот е повикана д-р Тереза Болис-Ѓуриќ која е член на Комисија за казни и која треба да изнесе извештај.

На одговорот на д-р Манасиев, уште една забелешка од д-р Петреска која истакна дека тие делегати како да не се членови на Собранието и постојано треба некои надворешни членови да ги разјаснуваат работите.

По изнесените забелешки, седницата ја отвори Претседателот на Собранието на СКМ д-р Оливер Манасиев со читање на предлог- дневниот ред.

Предложениот дневен ред беше ставен на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следниве точки:

## ДНЕВЕН РЕД

**1. Информација за активности на Стоматолошката комора на Македонија во изминатиот период;**

**2. Разгледување и усвојување на план за активности на Стоматолошка комора на Македонија во периодот од 01.09.2020 г. до 31.12.2020 г.;**

**3. Разно.**

По усвојувањето на дневниот ред со 39 гласа ЗА, се премина кон разгледување на секоја од точките на дневниот ред.

По изгласаниот дневен ред, збор зеде Претседателот на Собранието, д-р Манасиев, кој ги информираше членовите дека по одржаната вонредна седница на Собранието, на сите делегати им е доставен Извештај од седницата и по комплетирање на документите истите се испратени во Министерството за здравство за давање на согласност. Исто така информираше дека за денешната седница е испратен проширен Извештај кој ќе биде составен дел од

Предлог-записникот од седницата со сите забелешки од делегатите кои имале свои дискусии, пред се на делегатите кои постојано имаат забелешки и сакаат истите тие да бидат ставени во записник.

По изнесеното, д-р Манасиев го стави овој Извештај на гласање, на што д-р Чесноски постави прашање дали е тоа записник и каде е записникот од вонредната седница? Д-р Петреска со забелешка дека тоа не е корегиран записник. Д-р Манасиев со одговор дека тоа е дополнет Извештај, на што д-р Чесноски даде забелешка дека доколку била регуларна седницата мора да има записник и дека на сегашниот дневен-ред нема точка усвојување на Записник од претходната седница на Собранието.

Д-р Манасиев со објаснување дека извештајот е веќе пратен до сите делегати од него и дека ова дополнување со дискусии и забелешки од делегатите е во насока за нотирање на дискусиите од страна на делегатите кои секогаш бараат она што го што кажале да биде внесено во записниците. Д-р Петреска со барање до Претседателот на Собрание, д-р Манасиев, под итно да се закаже седница со физичко присуство, по што д-р Чесноски даде забелешка дека истиот не е ставен како точка на дневен ред и не може да се гласа, а д-р Петреска со прашање која е потребата да се гласа сега тој Извештај?

По кратка дискусија претседателот Манасиев дополнетиот извештај кој ќе е составен дел од предлог- записниот од вонредната седница на која се усвои Одлуката за носење на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата го стави на гласање, неизменет, како што беше доставен во материјалите до делегатите и Собранието на Стоматолошката комора на Македонија едногласно го усвои. По ова, по дневниот ред збор зеде Претседателот на Собранието, д-р Манасиев, кој информираше дека и покрај пандемијата и отежнатите услови за работа и одложување на состаноците, сепак Стоматолошката комора на Македонија успеала да оствари одредени средби и активности и тоа:

- Одржување на стручните испити по пауза од 7 месеци за кои се изготви и Правилник за истите и изготвен е Прирачник за правниот дел од стручниот испит, спроведени беа протоколи за овозможување на стручните испити на кои полагаат 37 кандидати, поделени во 6 групи. Тогаш е увидено дека има грешки во базата со испитните прашања за теоретскиот дел, односно за одредени прашања има повеќе точни одговори, и како би се корегирало сето тоа на последната седница на Извршниот одбор е донесена одлука не само за комплетирање на нова база, туку и за набавување на нов софтвер. По однос на ова, збор зеде д-р Стојановски кој појасни дека на самиот ден на испитот професорите увиделе дека одговорите на одредени прашања коишто се веќе 10 ина години во употреба се или грешно одговорени или едно исто прашање во различни групи има различен точен одговор и оттука потекнал проблемот и итно правење ревизија на прашањата. За таа цел во соработка со сите акредитирани стоматолошки факултети и формирана комисија, пред се од членови на стуручната комисија е изготвена нова база на прашања и истите се преведуваат и на албански јазик. Заедно со прашањата потребно е да се набави и нов софтвер. Таков софтвер нудат само две компании и тоа компанијата “Ултра“ и компанијата Семос, кој веќе имаат изготвено софтвери за Фармацевтска и Лекарска комора и за Стоматолошки факултет во Скопје. Од таа причина остварена е средба со претставник од “Семос Компјутери“. Сега се очекува двете компании да доставаат понуди со цена и услови на користење, па понатаму да се одлучи која понуда ќе биде најповолна.

-Извршниот одбор на својата 15-та седница одржана на 07.08.2020 година донесе Одлука за одложување на одржувањето на настанот "Македонски денови на стоматологијата", прославата по повод 25-години од Основачкото собрание на Комората и традиционалниот 13-ти К4 - Конгрес за нови технологии и естетика во стоматологијата, кои беа предвидени да се одржат во Скопје, во периодот од 29.10 до 01.11.2020 година.

-Поради настанатата состојба со пандемијата со Ковид 19 и спречување на ширење на вирусот, настаните се одложуваат за периодот април-мај 2021 година врз основа на што за одложувањето на настаните веќе се известени покровителот на "Македонски денови на стоматологијата" - Претседателот на Република Северна Македонија – Стево Пендаровски, Претседателот на ФДИ и канцеларијата на ФДИ во Женева и партнерските комори членки на К4 Конгресот.

- На истата седница на Извршниот одбор донесена е Одлука за одржување на редовниот стручен надзор. Согласно годишниот план за стручен надзор над стручната работата на стоматолошките здравствени установи и здравствените работниции соработници за 2020 година, ќе се врши согласно одредбите од Законот за здравствена заштита и Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници. Поради настанатата состојба со пандемијата со Ковид 19 и спречување на поголемо ширење на вирусот, се задолжуваат Регионалните комисии кои се надлежни за спроведување на Годишниот план за стручен надзор над стручната работа на стоматолошките здравствени установи и здравствените работници и соработници за 2020 година, во состав одобрен од страна на Министерството за здравство, редовниот стручен надзор да го спроведат секој во својот регион, како и истиот да се заврши во периодот од 01 до 30.09.2020 година и се задолжуваат Регионалните комисии кои се надлежни за спроведување на Годишниот план за стручен надзор над стручната работа, записниците за спроведениот редовен стручен надзор да ги достават до Комората најдоцна до 30.09.2020 година.

- Исто така Извршниот одбор донесе Одлука за за утврдување на Листа на информации од јавен карактер и утврдување на надоместок за материјални трошоци за дадена информација од имателот на информации.

- Комисијата за стручни стоматолошки прашања го одобри планот и начинот за одржување на континуираното стоматолошко усовршување за 2020 година почнувајќи од септември оваа година за кои веќе се закажани настани.

- На барање на колеги за реакција на Комората за неетичко и нелегално запишување на пациенти во време на задолжениесто за затворање на стоматолошките ординации, од ФЗОРСМ е побарано и добиено листа на ординации и доктори кои тоа го правеле во периодот од 30-ти март до 13-ти мај 2020 година. Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија одржала состанок на кој одлучиле да се побараат изјава од сите доктори кои запишувале пациенти како свои матични, па понатаму ќе се одлучува на кој начин ќе се постапува со нив. Д-р Ников информираше дека имало доктори од сите градови кои презапишувале пациенти, при што има доктори кои во дадениот временски период презапишале и над 500 пациенти.

- Во меѓувреме е формирана Комисија за казни од страна на ФЗОРСМ во која има номинирани претставници и од Стоматолошка комора на Македонија, меѓу кои и д-р Ана Генчовска и д-р Тереза Болис- Ѓуриќ. По одржаниот состанок на Комисијата за казни, д-р Генчовска со информација дека во новиот Правилник за казни во однос на договорите со ФЗО се забележува значајно намалување на истите, односно во минатото за одредени казнени постапки се раскинувал договор со ФЗО,а денес казната е една месечна капитација или за некои се поминува со опомена или намалување од 1/5 месечна капитација. Во однос на ова, збор доби и д-р Болис-Ѓуриќ која изнесе дека е член на Комисија за изрекување на првостепена казна составена од страна ФЗО. По однос на казните, иако се разгледуваат прекршоци од минатите години и кога казните биле повисоки сепак тие сега ќе ги определуваат казните по новите договори кои се значително помали. Највисоката казна од сите предмети кои ги разгледувале била земање на 1/3 од месечната капитација за наплата на дополнителни средства, а генерално казните биле за неизвестување на Фондот и неводење на уредна евиденција.

- Извршниот одбор на својата 15-та седница одржана на 07.08.2020 година донесе Одлука за орочување на средствата на Комората, но и за формирање на **Комисија за разгледување на деловен простор за потребите на Стоматолошката комора на Македонија**, во чиј состав се номинирани Претседателот на Комората, Претседателот на Собранието на СКМ, Претседателот на Надзорниот одбор и Претседателот на Извршниот одбор на Комората, како и Претседателот на Комисијата за економски прашања или од нив определени заменици. Во однос на ова, збор зеде д-р Чесноски кој побара и тој да биде член на оваа Комисија и побара поддршка од членовите на Собранието. На ова, д-р Манасиев одговори дека овој предлог ќе биде даден на Извршниот одбор да одлучи, затоа што тоа е времена комисија на ИО. На ова д-р Чесноски со барање Собранието да се изјасни за неговиот предлог да биде член на Комисијата, затоа што Собранието е највисок орган на управување и одлучување и побара овој предлог да биде ставен на гласање по што д-р Манасиев кажа дека ќе го разгледа предлогот и ќе го извести.

Д-р Петреска со барање до Претседателот на Собранието за доставување на списоците на сите делегати кои Комората ги има добиено од страна на ФЗОРСМ за запишување на пациенти во време на затворени ординации, без разлика што се води постапка. Таа смета дека оваа пандемија на сите оставила траг и некои колеги биле заштитени, а на некои колеги воопшто никој не помислил на нив. Постапката нема врска со тоа што се води, во секој град треба да се расчистуваат работите. И ако ова се премолчи никој нема да има доверба дека нешто на тие колеги им се случило. Таа ситуација да се користи за собирање пациенти не е во ред. Д-р Петреска смета дека се доволно зрели и возрасни личности во една војна да покажат на кој начин им работи интелектот.

На ова д-р Манасиев со реплика дека по завршување на процесот, листите ќе се објават на веб-страната.

Д-р Петреска: "Секој ден, секоја информација што ја добиваме ни е скапоцена. Оваа пандемија нема да заврши, оваа пандемија ќе трае. Не знам што се случува со другите делегати, меѓутоа како делегат мислам дека во регионот се настојуваше никоја информација од комората да не стигне до мене. Затоа ќе ги расчистуваме работиве. Ќе помине се. Прво зборам како личност, како доктор, а за останато како на совеста на сите. Ако ме прашуваш мене во овој период и откога работиме се потрудив да завршам работа на секој и пациент да

не земам на никој. А некој да ја користи оваа ситуација за билдање пациенти, па за мене тој не е ни човек едноставно, така да тие списоци под итно да ни се достават на сите делегати.“

По ова за збор се јави и д-р Богеска со забелешка до Претседателот на Собранието и тоа: “Прво сакам да кажам дека воопшто не е нити колегијално, нити деловнички да не ставиш предлог побаран од делегат на гласање. Значи сите овде ние имаме право да предложиме и да биде ставено на гласање. Ова е прекршување на Деловникот. Втора работа, јас за седницава испратив дополнителни материјали под точка Разно, прашања и одговори поставени до Фондот и Комората и предлог методологија за формирање на цени која беше изработена заедно со Здружението на приватни здравствени установи доктори по дентална медицина. Значи сакам да слушнам, сакам да се стави под точка Разно за дискусија и да ги слушнеме сите мислења на колегите бидејќи од Извршниот одбор, од претставниците на Извршниот одбор добивме информација дека се спрема ценовник на услуги меѓутоа ценовникот на услуги никаде не стоеше дека се спрема методологија за пресметување на цените туку едноставно секој да си пише цена што се мисли. Значи тоа е недозволиво. Значи мора да има критериуми, а јасно се гледа од прашањата и од одговорите што ни ги има дадено Фондот дека воопшто не постојат никакви критериуми. Нашите цени од ракав не може да се тресат. Значи мора да постојат критериуми и методологија по која би се формирале тие цени, а Фондот би ги откупувал од нас. Ако може да се слушнат размислувањата на сите колеги. Не знам дали воопшто би ги разгледале материјалите.“

На ова д-р Манасиев одговори дека согласно член 44 од Деловникот за работа на Собранието, предлогот или иницијативата што ги дава некој од делегатите до Претседателот на Собранието, истите тој ги испраќа до Претседателот на Комората и Претседателот на Извршниот одбор и тие одлучуваат дали ќе се заземат став за дадениот предлог или иницијатива. Доколку делегатот не е задоволен со ставот на Извршниот одбор или Претседателот на Комората, тогаш тој има право со поддршка од 20 делегати да бара од Претседателот на Собранието да отвори дискусија околу тоа на следната седница на Собранието.

Во однос на ценовникот, д-р Манасиев информираше дека Комората го доби спорот со Комисијата за конкуренција. Тоа значи дека Комората може повторно да го врати минималниот ценовник на услуги по што се јави Д-р Чесноски со процедурална забелешка: “ Прво, под точка Разно е доставен тој предлогот на колешката Дафина и членот 44 што го прочита многу убаво се сеќаваш на каков насилнички начин беше донесен тој Деловник на таа седница тогаш и фактички со тој член 44 индивидуалното право на делегатот е скратено и е претворено во колективно право. Значи, некој ако сака нешто да бара треба да побара поддршка од 20 делегати, па тие 20 делегати да го стават тоа на гласање, па ако помине на гласање да биде ставено. Значи тоа е една класична узурпација на Собранието, меѓутоа не е присутен тука casus belli и не сакам да должам. Меѓутоа на таков начин ги заќутувате делегатите и не е тоа во ред и мислам дека предлогот мој беше Деловникот да се пречешла уште еднаш со една комисија од искусни делегати кои неколку мандати се присутни и да се направи еден убав деловник за да немаме ние такви проблеми. И друго имам процедурална забелешка, гледам тука не знам дали имаме кворум за работа меѓутоа еве да речеме имаме кворум, кој е Republic of North Macedonia и кој е скм.мк? Значи мора да видиме кои се присутни на Собранието и два пати гледам дека Коста Изов е присутен. Значи мора да одговориш процедурално кои се тие луѓе што се присутни на Собрание?“

На ова д-р Манасиев одговори дека зад профилот скм.мк е Александар Маркозанов, вработен во Стручната служба на Комората, по што Маркозанов ги поздрави делегатите, а за првата забелешка одговори дека тој член 44 не е сменет кога е менуван Деловникот на

собраниската седница за која збори д-р Круме Чесноски, туку членот 44 е ист и е донесен кога тој, Круме Чесноски, бил претседател на Собрание.

За крај, д-р Манасиев информираше дека се разгледува деловен простор, следната седница на Собранието да се одржи во живо и ја заврши седницата.

**Записничар,**

Ивана Велјановски

**Претседател на Собрание на СКМ,**

Стоматолошка комора на Македонија СКОПЈЕ

д-р Оливер Манасиев